ПРЕДЛОГ

Врз основа на членот 158-б став (4) а во врска со членот 122 став (1) точки 1), 2) и 3), од Законот за супервизија на осигурување, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на  .  .2026 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за контниот план, формата и содржината на финансиските извештаи и белешки кон извештаите, и деталната содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување односно друштвата за реосигурување

## I. Воведни одредби

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува:

- Контниот план на друштвата за осигурување и/или реосигурување;
- структурата и содржината на финансиските извештаи и белешки кон извештаите на друштвата за осигурување односно друштвата за реосигурување за потребите на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: АСО) како и начин и рокови за доставување на овие извештаи до АСО;
- структурата и содржината на годишниот извештај и консолидираниот годишен извештај за работењето на друштвата за осигурување односно друштвата за реосигурување како и роковите за нивно јавно објавување и доставување до АСО.

### Член 2

(1) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да води деловни книги, да изготвува книговодствени документи, да ги вреднува средствата и обврските како и да изготвува годишни финансиски извештаи и квартални финансиски извештаи за периодите во текот на деловната година во согласност со Законот за супервизија на осигурување, прописите со кои се уредува сметководството и Меѓународните стандарди за финансиско известување (во понатамошниот текст: МСФИ).

(2) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да ги евидентира деловните настани во своите деловни книги користејќи конта најмалку во опфат кој е еднаков на пропишаниот контен план од страна на АСО од Прилог 2 кој е составен дел од овој Правилник.

## II. Структура и содржина на финансиските извештаи

*Финансиски извештаи*

### Член 3

(1) Финансиските извештаи на друштвата за осигурување односно друштвата за реосигурување ги сочинуваат:

1. Извештај за финансиската состојба (Биланс на состојба);

2. Извештај за сеопфатна добивка (Биланс на успех и Извештај за останата сеопфатна добивка);
3. Извештај за парични текови;
4. Извештај за промени на капиталот; и
5. Белешки кон финансиските извештаи.

(2) Структурата и содржината на финансиските извештаи на друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување од став (1) точки 1 до 4 од овој член се пропишани во обрасци од Прилог 1 кој е составен дел од овој Правилник.
(3) Белешките кон финансиските извештаи од став (1) точка 5 од овој член се составуваат во согласност со барањата на МСФИ и меѓународните стандарди за известување за одржливоста на начин на кој треба да:

- пружат информации за основата за составување на финансиски извештаи и одредени сметководствени политики кои се применети во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард 1 (МСС 1);
- објават информации според барањата на МСФИ кои не се презентирани во извештаите од став (1) точки 1 до 4 од овој член;
- пружат дополнителни информации кои не се презентирани во извештаите од ставот (1) точки од 1 до 4 од овој член, но се важни за разбирањето на било кој од нив.

*Консолидирани финансиски извештаи*

Член 4

(1) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување кое е матично друштво во група на друштва за осигурување е должно да составува консолидирани финансиски извештаи наведени во членот 3 став (1) од овој Правилник во согласност со обрасците од Прилог 1 од овој Правилник.

(2) Во случај кога не постои однос матично друштво и филијала, но друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е поврзано на еден од начините дефинирани во членот 16-а од Законот за супервизија на осигурување со друго правно лице, Агенцијата може со решение да му наложи на друштвото за осигурување односно на друштвото за реосигурување да изготви и достави консолидирани финансиски извештаи за целите на спроведување на целосна супервизија над работењето на друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување. Агенцијата одредува опфат на консолидација, правните лица кои ќе бидат опфатени со консолидацијата како и начинот и фрекфенцијата на изготвување на консолидирани финансиски извештаи.

III. Годишни извештаи и консолидирани годишни извештаи

Член 5

Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да составува годишен извештај и консолидиран годишен извештај во согласност со прописите со кои се уредува сметководството.

IV. Рокови и начин на доставување на извештаи

*Рокови на доставување на извештаи*

Член 6

(1) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да составува:

- финансиски извештаи од членот 3 став (1) од овој Правилник за период од една деловна година,

- финансиски извештаи од членот 3 став (1) точки 1) и 2) од овој Правилник за тримесечни извештајни периоди во текот на деловната година (со датуми на извештаите 31.3., 30.6., 30.9., 31.12.),

- Годишен извештај од членот 5 од овој Правилник за период на деловната година.

(2) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување кое е матично друштво во група на друштва за осигурување е должно да изготвува консолидирани годишни финансиски извештаи од членот 3 став (1) од овој Правилник и консолидиран годишен извештај од членот 5 од овој Правилник за период од деловна година.

Член 7

(1) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да доставува до Агенцијата квартални (тримесечни) финансиски извештаи од членот 3 став (1) точка 1) и 2) од овој Правилник најдоцна во рок од еден месец по истекот на периодот на известување.

(2) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да достави до Агенцијата годишни финансиски извештаи од членот 3 став (1) од овој Правилник најдоцна во рок од четири месеци по истекот на деловната година за која се подготвуваат извештаите.

(3) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да доставува до Агенцијата годишни извештаи од членот 5 од овој Правилник најдоцна во рок од четири месеци од истекот на деловната година за која се подготвуваат извештаите.

(4) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување кое е матично друштво во група на осигурители е должно да доставува до Агенцијата консолидирани годишни финансиски извештаи од членот 3 став 1 од овој Правилник и консолидиран годишен извештај од членот 5 од овој Правилник најдоцна во рок од четири месеци од истек на деловната година за која се подготвуваат извештаите.

*Начин на достава на извештаите*

Член 8

Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно да ги доставува извештаите од овој Правилник до Агенцијата во согласност со техничко упатство на Агенцијата.

## VI. ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ

### Член 9

Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно на својата интернет страница за последните пет деловни години да објави најмалку:

- годишен извештај и консолидиран годишен извештај од членот 5 од овој Правилник,
- мислење на ревизорот од извршената ревизија на годишните финансиски извештаи,
- мислење на независниот овластен актуар кој бил ангажиран од страна на друштвото за ревизија за потребите на ревизијата на друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување.

## VII. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

### Член 10

Во случаи на вонредна или друга состојба која влијае на извршувањето на обврските за начинот и/или роковите за доставување на извештаите од овој Правилник, друштвата за осигурување односно друштвата за реосигурување ќе постапат во согласност со насоките или препораките на Европскиот орган надлежен за супервизија на осигурување и пензиско осигурување (EIOPA) кои се применливи на наведената состојба, а ако такви насоки или препораки нема, друштвата за осигурување ќе постапат во согласност со упатство кое ќе го донесе Агенцијата и кое ќе биде објавено на интернет страницата на Агенцијата или ќе биде доставено до друштвата за осигурување на друг соодветен начин.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 11

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објава во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2028 година.

(2) Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/11, 41/11, 64/11, 187/13 и 61/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/19 и 118/22) и Правилникот за контниот план за друштвата за осигурување и реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2010, 41/2011, 170/2019 и 303/2021) престануваат да важат со истек на последниот ден од рокот за достава на извештаите за состојбата на ден 31.12.2027 година.

(3) Друштвото за осигурување односно друштвото за реосигурување е должно првите извештаи изготвени во согласност со Прилог 1 и Прилог 2 од овој Правилник да ги достават за извештајниот период кој почнува на 1 јануари 2028 година.

ПРЕДЛОГ

# Прилог 1

Извештај за сеопфатна добивка Образец: ИСД

*000 денари*

| АОП | Збир од позициите | Ознака | Опис на позицијата | Претходен пресметковен период | Тековен пресметковен период |
|---|---|---|---|---|---|
| **001** | 002 + 003 + 004 | **I** | **Приходи од договорите за осигурување** | | |
| 002 | | 1 | Општ модел на мерење | | |
| 003 | | 2 | Модел на мерење со користење на варијабилен надомест | | |
| 004 | | 3 | Модел на распределба на премијата | | |
| **005** | 006 + 007 + ...+012 | **II** | **Расходи од договорите за осигурување** | | |
| 006 | | 1 | Настанати штети | | |
| 007 | | 2 | Провизии | | |
| 008 | | 3 | Останати расходи поврзани со продажбата на осигурувања | | |
| 009 | | 4 | Останати расходи од давање на услуги на осигурување | | |
| 010 | | 5 | Амортизација на трошоци за стекнување на осигурување | | |
| 011 | | 6 | Загуби и ослободување на загуби по основ на непрофитабилни договори | | |
| 012 | | 7 | Промена на обврски за настанати штети | | |
| **013** | 014 - 015 | **III** | **Нето резултат од договорите за (пасивно) реосигурување** | | |
| 014 | | 1 | Приходи од договори за (пасивно) реосигурување | | |
| 015 | | 2 | Расходи од договори за (пасивно) реосигурување | | |
| **016** | **001 + 005 + 013** | **IV** | **Резултат од договори за осигурување** | | |
| **017** | **018 + 023 + 024 + 025 + 026 + 027 + 031 + 032 + 033 + 034** | **V** | **Нето резултат од вложувања** | | |
| 018 | 019 + 020 + 021 + 022 | 1 | Нето резултат од вложувања во земјиште и градежни објекти | | |
| 019 | | 1.1. | Добивки/загуби (нето) од наеми | | |
| 020 | | 1.2. | Реализирани добивки/загуби (нето) од недвижности кои не се користат за сопствена употреба | | |
| 021 | | 1.3. | Нереализирани добивки/загуби (нето) од недвижности кои не се користат за сопствена употреба | | |
| 022 | | 1.4. | Амортизација на земјиште и градежни објекти кои не служат на друштвото за вршење на дејноста | | |
| 023 | | 2 | Приход од камата пресметана со примена на методот на ефективна каматна стапка | | |
| 024 | | 3 | Останати приходи од камата | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 025 | | 4 | Приходи од дивиденди | | |
| 026 | | 5 | Нереализирани добивки/загуби (нето) од финансиски средства кои се водат по објективна вредност преку БУ | | |
| 027 | 028 + 029 + 030 | 6 | Реализирани добивки/загуби | | |
| 028 | | 6.1. | Реализирани добивки/загуби (нето) од финансиски средства кои се водат по објективна вредност преку БУ | | |
| 029 | | 6.2. | Реализирани добивки/загуби (нето) од финансиски имот кои се водат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка | | |
| 030 | | 6.3. | Останати реализирани добивки/загуби (нето) | | |
| 031 | | 7 | Нето исправка/намалување на исправката на вредноста на вложувањата | | |
| 032 | | 8 | Нето курсни разлики | | |
| 033 | | 9 | Останати приходи од вложувања | | |
| 034 | | 10 | Останати расходи од вложувања | | |
| **035** | 036 + 037 + 038 | **VI** | **Нето финансиски расход од договори за осигурување и (пасивно) реосигурување** | | |
| 036 | | 1 | Нето финансиски приходи/расходи од договори за осигурување | | |
| 037 | | 2 | Нето финансиски приходи/расходи од договори за (пасивно) реосигурување | | |
| 038 | | 3 | Промени на обврските за договорите за вложувања | | |
| **039** | | **VII** | **Останати приходи** | | |
| **040** | | **VIII** | **Останати деловни расходи** | | |
| **041** | | **IX** | **Останати финансиски расходи** | | |
| **042** | | **X** | **Удел во добивката од друштвата кои се консолидираат по методот на удел, нето од данок** | | |
| **043** | 001 + 005 + 013 + 016 + 017 + 035 + 039 + 040 + 041 + 042 | **XI** | **Добивка или загуба за пресметковниот период пред оданочување (+/-)** | | |
| **044** | 045 + 046 | **XII** | **Данок на добивка или загуба** | | |
| 045 | | 1 | Тековен даночен трошок | | |
| 046 | | 2 | Одложен даночен трошок/приход | | |
| **047** | 043 + 044 | **XIII** | **Добивка или загуба за пресметковниот период по оданочување (+/-)** | | |
| 048 | | 1 | Припишана на сопствениците на капиталот на матичното друштво | | |
| 049 | | 2 | Припишана на сопствениците кои немаат контролирачко учество во капиталот | | |
| **050** | 051 + 056 | **XIV** | **Останата сеопфатна добивка** | | |
| 051 | 052 + 053 + 054 + 055 | 1 | Ставки кои нема да се рекласифицираат во билансот на успех | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 052 | | 1.1. | Нето промени во објективната вредност на сопственички ХВ (ОСД) | | |
| 053 | | 1.2. | Актуарски добивки/загуби по пензиски планови со дефинирани пензии | | |
| 054 | | 1.3. | Останато | | |
| 055 | | 1.4. | Данок | | |
| 056 | 057 + 058 +...+063 | 2 | Ставки кои се, или би можеле да бидат, рекласифицирани во билансот на успех | | |
| 057 | | 2.1. | Нето промени во објективната вредност на должнички ХВ (ОСД) | | |
| 058 | | 2.2. | Курсни разлики настанати од повторна пресметка на странското работење | | |
| 059 | | 2.3. | Ефекти од инструментите за заштита | | |
| 060 | | 2.4. | Нето финансиски расходи/приходи од договорите за осигурување | | |
| 061 | | 2.5. | Нето финансиски приходи/расходи од договорите за (пасивно) реосигурување | | |
| 062 | | 2.6. | Останато | | |
| 063 | | 2.7. | Данок | | |
| **064** | 047 + 050 | **XV** | **Вкупна сеопфатна добивка** | | |
| 065 | | 1 | Припишана на сопствениците на капиталот на матичното друштво | | |
| 066 | | 2 | Припишана на сопствениците кои немаат контролирачко учество во капиталот | | |
| **067** | | **XVI** | **Рекласифицирачки усогласувања** | | |

Напомена: Позициите 042, 065 и 066 ги пополнуваат друштвата кои составуваат консолидирани финансиски извештаи

Датум

Одговорно лице:

ПРЕДЛОГ

Извештај за финансиската состојба Образец: ИФС

*000 денари*

| АОП | Збир од позициите | Ознака | Опис на позицијата | Претходна година | Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **001** | 002 + 003 | **I** | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | |
| 002 | | 1 | Goodwill | | |
| 003 | | 2 | Останати нематеријални средства | | |
| **004** | 005 + 006 + 007 | **II** | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | |
| 005 | | 1 | Земјиште и градежни објекти кои служат на друштвото за вршење на дејноста | | |
| 006 | | 2 | Опрема | | |
| 007 | | 3 | Останати материјални средства и залихи | | |
| **008** | 009 + 010 + 014 | **III** | **ВЛОЖУВАЊА** | | |
| **009** | | **А** | **Вложувања во земјиште и градежни објекти кои не служат на друштвото за вршење на дејноста** | | |
| **010** | 011 + 012 + 013 | **Б** | **Вложувања во зависни друштва, друштва со заемно учество и друштва што дејствуваат заеднички** | | |
| 011 | | 1 | Акции и удели во зависни друштва | | |
| 012 | 014 - 015 | 2 | Акции и удели во друштва со заемно учество | | |
| 013 | | 3 | Акции и удели во друштва што дејствуваат заеднички | | |
| **014** | 015 + 020 + 025 | **В** | **Финансиски средства** | | |
| **015** | **016 + 017 + 018 + 019** | **1** | **Финансиски средства кои се вреднуваат по амортизирана набавна вредност** | | |
| 016 | | 1.1. | Должнички финансиски инструменти | | |
| 017 | | 1.2. | Депозити во кредитни институции | | |
| 018 | | 1.3. | Заеми | | |
| 019 | | 1.4. | Останато | | |
| **020** | 021 + 022 + 023 + 024 | **2** | **Финансиски средства по објективна вредност преку останатата сеопфатна добивка** | | |
| 021 | | 2.1. | Сопственички финансиски инструменти | | |
| 022 | | 2.2. | Должнички финансиски инструменти | | |
| 023 | | 2.3. | Удели во инвестициски фондови | | |
| 024 | | 2.4. | Останато | | |
| **025** | 026+027+...+ 030 | **3** | **Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех** | | |
| 026 | | 3.1. | Сопственички финансиски инструменти | | |
| 027 | | 3.2. | Должнички финансиски инструменти | | |
| 028 | | 3.3. | Удели во инвестициски фондови | | |
| 029 | | 3.4. | Деривативни финансиски инструменти | | |
| 030 | | 3.5. | Останато | | |
| **031** | 032+036+04 0 | **IV** | **СРЕДСТВА ОД ДОГОВОРИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | | |
| 032 | 034+035+03 6 | 1 | Мерење со примена на општиот модел | | |
| 033 | | 1.1. | -Средства за преостанато покритие | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 034 | | 1.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 035 | | 1.3. | -Средства од настанати штети | | |
| 036 | 037+038+039 | 2 | Мерење со примена на моделот на варијабилен надомест | | |
| 037 | | 2.1. | -Средства за преостанато покритие | | |
| 038 | | 2.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 039 | | 2.3. | -Средства од настанати штети | | |
| 040 | 041+042+043 | 3 | Мерење со примена на моделот на распределба на премијата | | |
| 041 | | 3.1. | -Средства за преостанато покритие | | |
| 042 | | 3.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 043 | | 3.3. | -Средства од настанати штети | | |
| **044** | | **V** | **СРЕДСТВА ОД ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | |
| **045** | **046+047** | **VI** | **ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА** | | |
| 046 | | 1 | Одложени даночни средства | | |
| 047 | | 2 | Тековни даночни средства | | |
| **048** | | **VII** | **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | |
| **049** | | **1** | **Пари во банка и на благајна** | | |
| 050 | | 1.1. | Средства на деловни сметки | | |
| 051 | | 1.2. | Средства на сметка за покривање на обврските по договорите за осигурување на живот | | |
| 052 | | 1.3. | Парични средства во благајна | | |
| **053** | | **2** | **Долгорочни средства наменети за продажба и престанок со работење** | | |
| **054** | | **3** | **Останато** | | |
| **055** | 001+004+008+031+044+045+048 | **VIII** | **ВКУПНА АКТИВА** | | |
| **056** | | **IX** | **ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ** | | |
| **057** | 058+061+062+066+067+071+074 | **X** | **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | |
| **058** | 059+060 | **1** | **Запишан капитал** | | |
| 059 | | 1.1. | Уплатен капитал - обични акции | | |
| 060 | | 1.2. | Уплатен капитал - приоритетни акции | | |
| **061** | | **2** | **Премии на емитирани акции (капитални резерви)** | | |
| **062** | 063+064+065 | **3** | **Ревалоризациски резерви** | | |
| 063 | | 3.1. | Земјиште и градежни објекти кои служат на друштвото за вршење на дејноста | | |
| 064 | | 3.2. | Финансиски средства | | |
| 065 | | 3.3. | Останати ревалоризациски резерви | | |
| **066** | | **4** | **Финансиски резерви од договорите за осигурување** | | |
| **067** | 068+069+070 | **5** | **Резерви** | | |
| 068 | | 5.1. | Законски резерви | | |
| 069 | | 5.2. | Статутарни резерви | | |
| 070 | | 5.3. | Останати резерви | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **071** | 072+073 | **6** | **Задржана добивка или пренесена загуба** | | |
| 072 | | 6.1. | Задржана добивка | | |
| 073 | | 6.2. | Пренесена загуба (-) | | |
| **074** | 075+076 | **7** | **Добивка или загуба од тековниот пресметковен период** | | |
| 075 | | 7.1. | Добивка од тековниот пресметковен период | | |
| 076 | | 7.2. | Загуба од тековниот пресметковен период (-) | | |
| **077** | | **XI** | **СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ** | | |
| **078** | | **XII** | **МАЛЦИНСКО УЧЕСТВО** | | |
| **079** | 080+084+088 | **XIII** | **ОБВРСКИ ПО ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | | |
| 080 | 081+082+083 | 1 | Мерење по општ модел | | |
| 081 | | 1.1. | -Обврски за преостанато покритие | | |
| 082 | | 1.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 083 | | 1.3. | -Обврски за настанати штети | | |
| 084 | 085+086+087 | 2 | Мерење со примена на моделот на варијабилен надомест | | |
| 085 | | 2.1. | -Обврски за преостанато покритие | | |
| 086 | | 2.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 087 | | 2.3. | -Обврски за настанати штети | | |
| 088 | 089+090+091 | 3 | Мерење со примена на моделот на рапределба на премијата | | |
| 089 | | 3.1. | -Обврски за преостанато покритие | | |
| 090 | | 3.2. | -Средства за парични текови од стекнување на осигурувања | | |
| 091 | | 3.3. | -Обврски од настанати штети | | |
| **092** | | **XIV** | **ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРИТЕ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | |
| **093** | | **XV** | **ОБВРСКИ ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊА** | | |
| **094** | 095+096 | **XVI** | **ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ** | | |
| 095 | | 1 | Резерви за пензии и слични обврски | | |
| 096 | | 2 | Останати резерви | | |
| **097** | 098+099 | **XVII** | **ОДЛОЖЕНА И ТЕКОВНА ДАНОЧНА ОБВРСКА** | | |
| 098 | | 1 | Одложени даночни обврски | | |
| 099 | | 2 | Тековни даночни обврски | | |
| **100** | 101+102+...+105 | **XVIII** | **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | |
| 101 | | 1 | Обврски по заеми | | |
| 102 | | 2 | Обврски по издадени финансиски инструменти | | |
| 103 | | 3 | Обврски за деривативни финансиски инструменти | | |
| 104 | | 4 | Обврски за неисплатена дивиденда | | |
| 105 | | 5 | Останати финансиски обврски | | |
| **106** | 107+108+109 | **XIX** | **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | |
| 107 | | 1 | Обврски за оттуѓување и прекинато работење | | |
| 108 | | 2 | Одложено плаќање на трошоци и приход за иден период | | |
| 109 | | 3 | Останати обврски | | |
| **110** | | **XX** | **ВКУПНА ПАСИВА** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **111** | | **XXI** | **ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ** | | |

Напомена: позицијата 078 ја пополнуваат друштвата кои изготвуваат консолидирани финансиски извештаи

Дату
м

Одговорно лице:

ПРЕДЛОГ

**Извештај за промени на капиталот**

**Образец: ИПК**

*000 денари*

| **Број на позиција** | **Опис на позиција** | **Распределиво на сопствениците на матичното друштво** | | | | | | | | **Распределиво на неконтролиран интерес*** | **Вкупно капитал и резерви** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Уплатен капитал (обични и приоритетни акции) | Премии на издадени акции | Ревалоризациски резерви | Финансиска резерва од договори за осигурување | Резерви на капиталот (законски, статутарни, останати) | Задржана добивка или пренесена загуба | Добивка/загуба од тековната година | **Вкупно капитал и резерви** | | |
| **I.** | **Состојба на 01 јануари претходната година** | | | | | | | | | | |
| 1. | Промена на сметководствена политика | | | | | | | | | | |
| 2. | Исправка на грешки од претходни периоди | | | | | | | | | | |
| **II.** | **Состојба на 01 јануари претходната година (преправено)** | | | | | | | | | | |
| **III.** | **Сеопфатна добивка или загуба претходната година** | | | | | | | | | | |
| 1. | Добивка или загуба за периодот | | | | | | | | | | |
| 2. | **Останата сеопфатна добивка или загуба претходната година** | | | | | | | | | | |
| 2.1. | Нереализирани добивки или загуби од материјални средства (земјиште и градежни објекти) | | | | | | | | | | |
| 2.2. | Нереализирани добивки или загуби од финансиски средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка | | | | | | | | | | |
| 2.3. | Реализирани добивки или загуби од финансиски средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка | | | | | | | | | | |
| 2.4. | Нето финансиски расходи/приходи од договори за осигурување | | | | | | | | | | |
| 2.5. | Нето финансиски расходи/приходи од договори за (пасивно) реосигурување | | | | | | | | | | |
| 2.6. | Останати несопственички промени на капиталот | | | | | | | | | | |
| **IV.** | **Трансакции со сопствениците (претходен период)** | | | | | | | | | | |
| 1. | Зголемување/намалување на запишаниот капитал | | | | | | | | | | |
| 2. | Останати уплати на сопствениците | | | | | | | | | | |
| 3. | Исплати на удели во добивката/дивиденда | | | | | | | | | | |
| 4. | Останати распределби на сопствениците | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **V.** | **Состојба на последниот ден од извештајниот период во претходната година** | | | | | | | | | | |
| **VI.** | **Состојба на 1 јануари тековна година** | | | | | | | | | | |
| 1. | Промена на сметководствени политики | | | | | | | | | | |
| 2. | Исправка на грешки од претходни периоди | | | | | | | | | | |
| **VII.** | **Состојба на 1 јануари тековна година (преправено)** | | | | | | | | | | |
| **VIII.** | **Сеопфатна добивка или загуба од тековната година** | | | | | | | | | | |
| 1. | Добивка или загуба за периодот | | | | | | | | | | |
| 2. | **Останата сеопфатна добивка или загуба за тековната година** | | | | | | | | | | |
| 2.1. | Нереализирани добивки или загуби од материјални средства (земјиште и градежни објекти) | | | | | | | | | | |
| 2.2. | Нереализирани добивки или загуби од финансиски средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка | | | | | | | | | | |
| 2.3. | Реализирани добивки или загуби од финансиски средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка | | | | | | | | | | |
| 2.4. | Нето финансиски расходи/приходи од договори за осигурување | | | | | | | | | | |
| 2.5. | Нето финансиски расходи/приходи од договори за (пасивно) реосигурување | | | | | | | | | | |
| 2.6. | Останати несопственички промени на капиталот | | | | | | | | | | |
| **IX.** | **Трансакции со сопствениците (тековен период)** | | | | | | | | | | |
| 1. | Зголемување/намалување на запишаниот капитал | | | | | | | | | | |
| 2. | Останати уплати од сопствениците | | | | | | | | | | |
| 3. | Исплати на удели во добивката / дивиденда | | | | | | | | | | |
| 4. | Останати трансакции со сопствениците | | | | | | | | | | |
| **X.** | **Состојба на последниот ден од извештајниот период во тековната година** | | | | | | | | | | |

Напомена: * Пополнуваат друштва кои составуваат консолидирани финансиски извештаи

Датум:

Одгов
орно
лице:

ПРЕДЛОГ

**Извештај за парични текови (индиректна метода)** **Образец: ИПТ**

*000 денари*

| Број на позиција | Збир од повеќе ставки | Ознака позицијата | Опис на позицијата | Тековен период | Претходен период |
|---|---|---|---|---|---|
| **001** | 002+018+035 + 036 + 037 | **I** | **ПАРИЧЕН ТЕК ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| **002** | 003+004 | **1** | **Паричен тек пред промена на оперативните средства и обврски** | | |
| 003 | | 1.1 | Добивка/загуба за пресметковниот период | | |
| 004 | 005+006+.....+017 | 1.2 | Прилагодувања: | | |
| 005 | | *1.2.1* | *Амортизација на недвижности и опрема* | | |
| 006 | | *1.2.2* | *Амортизација на нематеријални средства* | | |
| 007 | | *1.2.3* | *Загуба од намалување на вредноста на нематеријалните средства* | | |
| 008 | | *1.2.4* | *Останати финансиски трошоци* | | |
| 009 | | *1.2.5* | *Намалување на вредноста и добивки/загуби од сведување на фер вредност* | | |
| 010 | | *1.2.6* | *Трошоци за камати* | | |
| 011 | | *1.2.7* | *Приходи од камати* | | |
| 012 | | *1.2.8* | *Добивка од продажба на подружница* | | |
| 013 | | *1.2.9* | *Удели во добивка во придружени друштва* | | |
| 014 | | *1.2.10* | *Платежни трансакции направени врз основа на акции кои се подмируваат со капитални инструменти* | | |
| 015 | | *1.2.11* | *Трошок за данок на добивка* | | |
| 016 | | *1.2.12* | *Добивки/загуби од продажба на материјални средства (вклучувајќи земјиште и градежни објекти)* | | |
| 017 | | *1.2.13* | *Останати прилагодувања* | | |
| **018** | 019+020+...+034 | **2** | **Зголемување/намалување на оперативните средства и обврски** | | |
| 019 | | 2.1 | Зголемување/намалување на финансиските средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка | | |
| 020 | | 2.2 | Зголемување/намалување на финансиски средства по фер вредност преку билансот на успех | | |
| 021 | | 2.3 | Зголемување/намалување на финансиските средства кои се вреднуваат по амортизирана набавна вредност | | |
| 022 | | 2.4 | *Зголемување/намалување на средствата/обврските од договорите за осигурување* | | |
| 023 | | 2.5 | *Зголемување/намалување на средствата/обврските од договорите за реосигурување* | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 024 | | 2.6 | Зголемување/намалување на даночни средства | | |
| 025 | | 2.7 | Зголемување/намалување на побарувања | | |
| 026 | | 2.8 | Зголемување/намалување на вложувањата во недвижности | | |
| 027 | | 2.9 | Зголемување/намалување на недвижности за сопствена употреба | | |
| 028 | | 2.10 | Зголемување/намалување на останати средства | | |
| 029 | | 2.11 | *Зголемување/намалување на обврски од договори за вложување* | | |
| 030 | | 2.12 | *Зголемување/намалување на останати резерви* | | |
| 031 | | 2.13 | Зголемување/намалување на даночни обврски | | |
| 032 | | 2.14 | Зголемување/намалување на финансиски обврски | | |
| 033 | | 2.15 | Зголемување/намалување на останати обврски | | |
| 034 | | 2.16 | Зголемување/намалување на одложени плаќања трошоци и приходи за иден период | | |
| **035** | | **3** | **Платен данок на добивка** | | |
| **036** | | **4** | **Приливи од камата** | | |
| **037** | | **5** | **Приливи од дивиденда** | | |
| **038** | 039+040+...+045 | **II** | **ПАРИЧЕН ТЕК ОД ИНВЕСТИЦИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| 039 | | 1 | Приливи од продажба на материјални средства | | |
| 040 | | 2 | Одливи за набавка на материјални средства | | |
| 041 | | 3 | Приливи од продажба на нематеријални средства | | |
| 042 | | 4 | Одливи за набавка на нематеријални средства | | |
| 043 | | 5 | Приливи од продажба на подружници, придружени друштва и заеднички вложувања | | |
| 044 | | 6 | Одливи за набавка на подружници, придружени друштва и заеднички вложувања | | |
| 045 | | 7 | Приливи/одливи од останати инвестициски активности | | |
| **046** | 047+048+...+057 | **III** | **ПАРИЧЕН ТЕК ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| 047 | | 1 | Парични приливи од зголемување на основниот капитал | | |
| 048 | | 2 | Парични приливи од издавање на приоритетни акции кои можат да се откупат | | |
| 049 | | 3 | Парични приливи од примени краткорочни и долгорочни заеми | | |
| 050 | | 4 | Парични приливи од продажба на сопствени акции | | |
| 051 | | 5 | Парични приливи од реализација на опции за акции | | |
| 052 | | 6 | Парични одливи кои се однесуваат на приоритетни акции кои можат да се откупат | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 053 | | 7 | Парични одливи за отплата на примени краткорочни и долгорочни заеми | | |
| 054 | | 8 | Парични одливи за откуп на сопствени акции | | |
| 055 | | 9 | Парични одливи за платени камати | | |
| 056 | | 10 | Парични одливи за платени дивиденди | | |
| 057 | | 11 | Парични одливи за обврски од наеми | | |
| **058** | 001+038+046 | **IV** | **ПАРИЧЕН ТЕК** | | |
| **059** | | **V** | **ВЛИЈАНИЕ ОД ПРОМЕНИ НА ВАЛУТНИТЕ КУРСЕВИ НА СТРАНСКИТЕ ВАЛУТИ НА ПАРИТЕ И ПАРИЧНИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ** | | |
| **060** | 058+059 | **VI** | **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | | |
| 061 | | 1 | Пари и парични еквиваленти на почеток на периодот | | |
| **062** | **060+061** | **2** | **Пари и парични еквиваленти на крај на периодот** | | |

*Напомена: Позициите кои го намалуваат паричниот тек се впишуваат со негативен предзнак*

Датум:

Одговорни лица:

ПРЕДЛОГ

Прилог 2

КОНТЕН ПЛАН ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ

## 1. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

(1) Друштвото за осигурување и реосигурување е должно да применува Контен план при водењето на главната книга за работите кои друштвото за осигурување ги врши во свое име и за своја сметка, со цел да обезбеди евидентирање на сите сметководствени податоци потребни за составување на основните финансиски извештаи.

(2) Друштвото за осигурување и реосигурување може за свои потреби дополнително да пропише конта во рамките на поединечните конта од овој Контен план. Исто така друштвото за осигурување и реосигурување може и во рамки на групата на конта (кои во овој Контен план се означени како двоцифрени броеви) на слободните места да додаваат трицифрени и повеќецифрени ознаки на конта, под услов состојбите на овие конта да бидат вклучени во соодветните ставки на финансиските извештаи.

(3) Известувањето за средствата и обврските од договорите за осигурување и реосигурување треба да биде во согласност со барањата од точките 98. и 99. од МСФИ 17 во нето износ (нето средства или нето обврски) на ниво на портфолио на договори. Сепак, дозволено е одвоено водење на книговодствена евиденција за елементите на средствата и обврските, па така во поединечно портфолио на договори може да бидат искажани средства за поединечна ставка на вреднување на портфолиото (на пример, средства од настанати штети) додека за друга ставка на вреднување на истото портфолио да биде искажана обврска (на пример, обврска за преостанато покритие). Имајќи го предвид наведеното, друштвото за осигурување и реосигурување може за портфолија кои се нето средства односно нето обврски поединечни елементи на вреднувањето да ги искажува на група на конта обврски односно група на конта средства без оглед на книговодствениот начин на прикажување на поединечниот елемент на вреднувањето.

(4) МСФИ 17 разликува трошоци од работењето кои се поврзани со извршувањето на договорите за осигурување и останати трошоци кои не се поврзани со извршувањето на договорите за осигурување. Друштвото за осигурување и реосигурување ги евидентира оперативните трошоци од работењето на конта примарно според нивната природа, додека пак алокацијата на трошоците на трошоци за извршување на договорите за осигурување и реосигурување и останати трошоци ја врши со посебен алокациски механизам, во согласност со сопствената пропишана сметководствена политика.

(5) Во помошните деловни книги друштвото треба да обезбеди евидентирање на податоци кои произлегуваат од барањата за објава на соодветните меѓународни стандарди за финансиско известување или се потребни за составување на други извештаи пропишани од страна на АСО.

(6) Друштвото за осигурување и реосигурување води одвоена главна книга за работите на осигурување на живот и неживотно осигурување.

(7) Содржината на контата и упатството за користење на контата од Контниот план се пропишуваат со Упатство за примена на контниот план.

## 2. КОНТЕН ПЛАН

Контниот план за друштвата за осигурување и реосигурување гласи:

ГРУПА 0 – НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА, МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА
00 – Нематеријални средства
01 – Материјални средства за непосредно извршување на работи на осигурување
02 - Материјални средства кои не служат за непосредно извршување на работи на осигурување
03 – Вложувања во зависни и поврзани друштва
04 – Финансиски средства кои се вреднуваат по амортизирана набавна вредност
05 – Финансиски средства по фер вредност преку останата сеопфатна добивка
06 – Финансиски средства по фер вредност преку билансот на успех
07 – Депозити, заеми и побарувања

ГРУПА 1 – ПАРИ, ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ, СРЕДСТВА ОД ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА
10 – Пари на трансакциски сметки и готовина
11 – Парични еквиваленти
12 – Побарувања од договори за осигурување
13 – Побарувања по основ на удели во надомест на штети
14 – Останати побарувања
16 – Интерни финансиски односи
17 – Средства од договори за осигурување
18 – Побарувања од државата и други институции, побарувања од работници и останати побарувања
19 – Активни временски побарувања

ГРУПА 2 – ДОЛГОРОЧНИ И КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ, РЕЗЕРВИ ЗА ТРОШОЦИ И РИЗИЦИ КАКО И ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА И ПРИХОД ЗА ИДЕН ПЕРИОД
20 – Обврски кон поврзани друштва и по основ на удел во резултатот
21 – Финансиски обврски, обврски по хартии од вредност
22 – Обврски кон добавувачи, обврски за аванси и гаранции
23 – Обврски од непосредни работи на осигурување и реосигурување
24 – Обврски за даноци, членарини, придонеси и други давачки
25 – Обврски кон вработените
26 – Интерни финансиски односи
27 – Обврски за провизија и останати обврски
28 – Резервирања
29 – Пасивни временски разграничувања

ГРУПА 3 – ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР
31 – Залихи на материјали
32 – Залихи на ситен инвентар
33 – Ситен инвентар во употреба

ГРУПА 4 – ТРОШОЦИ СПОРЕД НИВНАТА ПРИРОДА

40 – Настанати штети
41 – Загуби и промени во загубите по основ на непрофитабилни договори
42 – Промена на обврските за настанати штети
43 – Трошоци за стекнување
44 – Трошоци за материјали и услуги
45 – Останати трошоци од работењето
46 – Трошоци од финансиски вложувања
47 – Административни трошоци
48 – Останати расходи од давање услуги

ГРУПА 5 – ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРИ ЗА (РЕ)ОСИГУРУВАЊЕ, ДОГОВОРИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРИ ЗА ПАСИВНО РЕОСИГУРУВАЊЕ
50 – Обврски за преостанато покритие – модел на распределба на премијата
51 – Обврски за преостанато покритие – општ модел
52 - Обврски за преостанато покритие – мерење по методот на варијавилен надомест
53 – Обврски за настанати штети
54 – Обврски по договори за вложувања
55 – Обврски од договори за пасивно реосигурување
56 – Средства од договори за пасивно реосигурување

ГРУПА 6 – ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
60 – Отпуштање на почетно признатиот дисконт
61 – Промена на дисконтната стапка
62 – Промена на кредитниот ризик кај договорите за пасивно реосигурување
63 – Курсни разлики во вреднувањето на договорите за (ре)осигурување

ГРУПА 7 – ПРИХОДИ
70 – Приходи од договори за (ре)осигурување – модел на распределба на премијата
71 – Приходи од договори за (ре)осигурување – мерење по општ модел
72 – Приходи од договори за (ре)осигурување – мерење по методот на варијабилен надомест
74 – Останати приходи
77 – Приходи од вложувања
79 – Распоред на приходите и расходите

ГРУПА 8 – РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО
80 – Добивка пред оданочување
81 – Загуба пред оданочување

ГРУПА 9 – КАПИТАЛ И ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ
90 – Основна главнина (акционерски капитал)
91 – Резерви од капиталот
92 – Ревалоризациска резерва
93 – Задржана добивка или пренесена загуба

94 – Добивка или загуба од тековната година
98 – Финансиска резерва од договорите за осигурување
99 – Вонбилансни ставки